## Зголемен извозот на краставици од Македонија

Иако извозот на краставици во периодот 2002-2008 не е толку голем, тој сепак има тренд на растење. Во 2005 година имаше мало намалување. Извозот на краставици во 2008 година беше за 25% поголем отколку во 2007 г. и изнесуваше 7 милиони американски долари, додека во 2008 година 8,8 милиони американски долари. Главниот извозен партнер за краставици како и за повеќето од другите земјоделски производи е Србија, вклучувајќи го и Косово. Според статистичките податоци на ОН, Македонија е четврта по ред во извозот на овој производ во Европската Унија. Прва е Турција со 75%, односно 29% од извозот во ЕУ и Русија, Мароко и Јордан со извоз од 5% од вкупната сума.




Статистички податоци од ОН
Извор: АгБиз

## Зеленчукот зазема 6% од европскиот пазар на храна и пијалаци

Западноевропскиот пазар изнесува 66,4 милијарди евра во 2008 година, според студијата направена од Агенцијата за истражувања и пазари. Зеленчукот зазема 6% од вкупниот пазар на храна и пијалаци, вреден 1,111 милијарди евра. Извештајот предвидува дека пазарот на зеленчук ќе се намалува во просечна годишна стапка од 0,05% помеѓу 2008-2011 година. Свежиот зеленчук учествува со 49,1 милијарди евра или 74% во вкупниот износ на трговија со зеленчук. Извештајот опфаќа 492 холдинг-компании, независни и филијали, кои заедно со 547 компании и големи брендови се поделени по земји и производи. Студијата покрива 15 земји од Западна Европа, Норвешка и Швајцарија. Десет компании-снабдувачи покриваат 16% од пазарот на западноевропски земји. Некои од овие топ-компании се "Бондеј" (Bonduelle) со 4,5% од пазарот и со присуство во 32 од 64 земји, потоа "Kopari Bretaw" (Цоопари Бретагне) со 2,7% и "Помона" (Помона) со 1,4%.

*www.pepperstoday.com*




## И покрај добрата берба, молдавските лозари се соочуваат со стечај

Ниските цени на грозјето им се заканиваат со стечај на многу молдавски лозари и покрај годинашнава добра берба. Винарските визби се презаситени со вино од бербите во претходните години, состојба која придонесува цените на грозјето да бидат ниски. Времето оваа година беше многу подобро од минатата, со помалку врнежи и повеќе сонце. Се очекува дека производството ќе изнесува од 640.000-670.000 тони, од кои околу 100.000-140.000 тони се планира да бидат продадени во Романија и Украина. Бербата на винско грозје минатата година изнесуваше 480.000 тони. Винарските визби во моментов имаат залихи од околу 24-28 милиони литри. Стручните лица предвидуваат дека оваа сезона винското грозје ќе се продава по цена од 10-15 центи од евро по килограм, цена којашто не е доволна да се покријат трошоците. Молдавија започна со извоз на вино во Русија во 2007 година. Претходно на Молдавија ѝ беше забранет извозот во Русија поради испорака на вино за кое се констатира дека не ги исполнува руските стандарди.

*www.freshplaza.com*

## Холандија и Мароко, лидери во извозот на овошје и зеленчук

Холандија и Мароко се водечките извозници на овошје и зеленчук во ЕУ и во земјите надвор од ЕУ. Извозот на овошје и зеленчук од Холандија е зголемен за 15,2%, со рекордни 7.705.600 тони од кои 2.325.404 овошје и 5.380.196 тони зеленчук. Мароко, исто така, постигна рекорд со извоз од 970.287 тони во 2008 година со што извозот е зголемен за 34% во период од четири години. Во 2008 година оваа земја има извезено 621.771 тон зеленчук и 348.516 тони овошје. Други важни извозници коишто не се членки на ЕУ се Израел со 357.268 тони, Египет со 310.664 тони и Турција со 299.472 тона. Јужна Африка, Аргентина, Чиле и Бразил се другите најголеми извозници на овошје во ЕУ.

*www.pepperstoday.com*

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
AgBiz Program

Мислењата изразени во регионалниот пазарен информатор не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

ФФРМ Медиј

## Италијанските производители на јаболко бараат пазари надвор од ЕУ

Пет од водечките фирми-производители на јаболко се здружија во нова трговска организација за промовирање на продажбата надвор од границите на ЕУ. Новиот ентитет ќе менаџира со маркетинг на продажбата на јаболко од „ВОГ“, „ВИ.П“, „Мелинда“, „Ла Трентина“. Четири водечки имиња на италијанското јаболко се од североисточниот регион на Трентино и јужен Тирол. Италијанските производители на јаболко разгледуваат можности за проширување кон другите, нетрадиционални пазари како што се Русија, Средниот Исток, Северна Америка и Индија. Во одделна активност, четирите водечки фирми постигнаа договор за отворање заедничка канцеларија за продажба во Москва. Заедно, Трентино и Јужен Тирол се производители на 65% од вкупното производство на јаболка во Италија.

*www.fruitnet.com*

## Трговијата со пиперки бележи зголемување

Вкупната трговија со пиперки во ЕУ во 2008 година, како што може да се забележи и во графиконот подолу, изнесува 894.404 тони и бележи зголемување од 9% во споредба со минатата година. Трговијата на пиперки со земјите надвор од ЕУ изнесува 213.227 тони и бележи зголемување од 5% во споредба со претходната година.

*www.pepperstoday.com*




## Вести од пазарот во Полска

**Домат** - Цените на доматите од оранжерии се слични во целата земја. Во првата половина од септември, цената на домати со Б големина, за кои има најголема побарувачка, изнесуваше од 0,40-0,48 евра/кг во картонска амбалажа. Цените на ББ и БББ домати се приближно исти и изнесуваат 0,44-0,48 евра/кг во картонска амбалажа. Од ова може да се види дека најголема е побарувачката за домати со Б големина и нивната цена е еднаква (понекогаш и повисока) од цената на доматите со поголеми димензии. **Пиперки** - Во големите производствени региони на благи пиперки (Прзитик и Мазовјетски) цените на белите и зелените пиперки остануваат стабилни. Цената на белите пиперки во картонска амбалажа изнесува 0,61 евра/кг., додека цената на зелените пиперки 0,54 евра/кг. Цената на црвени и жолти пиперки бележи благ пад и изнесува 0,76 евра/кг.

*www.fresh-market.pl*

**Големопродажни цени во Хрватска во септември 2009 (во куни)**

| Производи | Осијек | Сплит | Загреб |
|---|---|---|---|
| Домати | 5,53 | 5,00 | 4,50 |
| Пиперки | 5,75 | 5,17 | 5,50 |
| Пиперки (бабура) | 3,83 | 4,33 | 4,50 |
| Краставици | 4,00 | 4,83 | 4,00 |
| Зелка | 1,93 | 2,67 | 2,00 |
| Печурки | 20,67 | 22,50 | 18,00 |
| Јаболко Ајдарет | 3,53 | 5,17 | 4,00 |
| Јаболко Јонаголд | 4,00 | 5,50 | 4,00 |
| Јаболко Златен делишес | 4,67 | 6,17 | 4,50 |
| Грозје | 8,80 | 6,50 | 8,50 |
| 1 Еуро - 7.26 Куна | | | |

Извор: www.tisup.mps.hr

**Големопродажни цени во Србија во септември 2009 (во динари)**

| Производ | Потекло | Цена |
|---|---|---|
| Домати | Домашна | 40 |
| Пиперки | Домашна | 40 |
| Пиперки (бабура) | Домашна | 50 |
| Краставици | Домашна/Македонија | 30/25 |
| Зелка | Домашна | 20 |
| Јаболко Ајдарет | Домашна | 70 |
| Јаболко Црвен Делишес | Италија | 100 |
| Грозје бело | Италија | 80 |
| Грозје црно | Домашна | 80 |
| 1 Евро - 93 динари | | |

*Извор: www.stips.minpolj.rs.gov.yu*

**Големопродажни цени во Албанија во септември 2009 (во Лек)**

| Производ | Тирана | Фиер | Корча |
|---|---|---|---|
| Јаболко сезонско | 56 | | 47 |
| Златен Делишес | 57 | 35 | 51 |
| Домати | 42 | 23 | 38 |
| Пиперки (зелена) | 51 | 35 | 38 |
| Зелка | 24 | 60 | 20 |
| Краставици | 40 | 32 | 48 |
| 1 Еуро - 132 Лек | | | |

*Извор: www.mbumk.gov.al*

| Големопродажни цени во Подгорица во септември 2009 (во Евра) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Мин | Макс | Просек |
| Јаболко Ајдарет | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| Јаболко Златен Делишес | 0,40 | 0,40 | 0,40 |
| Трпезно бело грозје | 0,75 | 1,05 | 0,90 |
| Трпезно црно грозје (кардинал) | 0,70 | 0,80 | 0,75 |
| Домати | 0,35 | 0,58 | 0,47 |
| Пиперка | 0,45 | 0,50 | 0,48 |
| Пиперка (бабура) | 0,60 | 0,80 | 0,70 |
| Зелка | 0,23 | 0,28 | 0,26 |
| Краставици | 0,25 | 0,35 | 0,30 |

*Извор: www.amiscg.org*

| Големопродажни цени во Косово во септември, 2009 (во Евра) | | | |
|---|---|---|---|
| производ | Приштина | Урошевац | Пеќ |
| Јаболко | 0,75 | 0,53 | 0,90 |
| Грозје | 0,55 | 0,65 | 0,77 |
| Домати | 0,40 | 0,47 | 0,31 |
| Пиперки (зелена) | 0,38 | 0,45 | 0,31 |
| Пиперки (сомборка) | 0,38 | 0,54 | 0,67 |
| Зелка | 0,24 | 0,27 | 0,14 |
| Краставици | 0,33 | 0,60 | 0,46 |

*Извор: www.food-ks.org*

| Големопродажни цени во Софија во септември 2009 (во лев) | | |
|---|---|---|
| Производ | Потекло | Цена |
| Домати | Домашно/Романија/ Грција | 0.40/0.63/0.30 |
| Пиперки (зелени) | Домашно | 0,65 |
| Пиперки (црвени) | Домашно | 1,20 |
| Краставици | Домашно/Грција/Македонија | 0.95/1.05/1.25 |
| Зелка | Домашно / Македонија | 0,43 |
| Јаболко | Домашно/Грција/ Македонија | 0.53/0.90/1.58 |
| Грозје | Домашно/Грција/ Турција | 1.15/2.00/1.15 |
| 1 Еуро - 1.95 Лев | | |

*Извор: www.slatina-bulgarplod.com*

| Цени од добиточните пазари во Р. Македонија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | Сточни пазари | | | Забеле. |
| | | Скопје | Кочани | **Струмица** | Мерка |
| Теле 1-6 месеци | мин. | 100 | 130 | 135 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 120 | 150 | 155 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 120 | 140 | 145 | КГ/Ж.м |
| Јуне 6-18 месеци | мин. | 100 | 120 | 120 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 120 | 140 | 125 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 120 | 130 | 125 | КГ/Ж.м |
| Јагниња до 18кг. | мин. | 150 | 160 | | КГ/Ж.м |
| | макс. | 190 | 180 | | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 180 | 170 | | КГ/Ж.м |
| Јагниња над 18кг. | мин. | 100 | 150 | | КГ/Ж.м |
| | макс. | 150 | 170 | | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 140 | 160 | | КГ/Ж.м |
| Прасиња до 20кг. | мин. | 140 | 160 | 150 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 160 | 200 | 180 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 150 | 180 | 160 | КГ/Ж.м |
| Прасиња од 20-35кг. | мин. | 130 | 160 | | КГ/Ж.м |
| | макс. | 150 | 180 | | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 140 | 170 | | КГ/Ж.м |
| Гоеница од90-110кг | мин. | 100 | 80 | 100 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 110 | 100 | 120 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 100 | 90 | 120 | КГ/Ж.м |
| **Јариња** | мин. | 90 | 100 | | КГ/Ж.м |
| | макс. | 110 | 120 | | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 100 | 100 | | КГ/Ж.м |

| Малопродажни цени за септември во Р.Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домат | Прва | 20 | 35 | 30 |
| | Втора | 15 | 20 | 20 |
| Краставица | | 15 | 25 | 20 |
| Бел Пипер | | 25 | 30 | 30 |
| Црвен Пипер | | 30 | 40 | 35 |
| Зелка | | 15 | 20 | 15 |
| Праски | | 20 | 40 | 35 |
| Сливи | | 15 | 30 | 25 |
| Јаболки | | 25 | 40 | 30 |
| Грозје црно | | 30 | 40 | 30 |
| Грозје бело | | 40 | 40 | 40 |

| Големопродажни цени за септември во Р.Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домат | Прва | 15 | 20 | 20 |
| | Втора | 10 | 15 | 15 |
| Краставица | | 10 | 15 | 10 |
| Бел Пипер | | 20 | 25 | 22 |
| Црвен Пипер | | 20 | 25 | 23 |
| Зелка | | 10 | 20 | 13 |
| Праски | | 25 | 35 | 28 |
| Сливи | | 15 | 25 | 20 |
| Јаболки | | 25 | 35 | 25 |
| Грозје црно | | 20 | 35 | 22 |
| Грозје бело | | 30 | 35 | 30 |

*Извор: www.mzsv.gov.mk ЗПИС-Пазарни информации*